Кеј Димитар Влахов бр.21
1000 Скопје
Република Македонија
**тел.:** +389 2 32 89 200
**факс:** +389 2 32 24 611
contact@aec.mk

Врз основа на член 24 став 1), алинеја 5, а во врска со член 147 став (1) од Законот за електронските комуникации (Службен весник на РМ бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18 и 21/18), Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на 03.05.2018 година го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

**I**

**СЕ ОТПОВИКУВААТ** одобренијата за користење на радиофреквенции во фиксна служба со евидентни броеви: 109443, 109371, 108414, 107651 и 109812 издадени од Агенцијата за електронски комуникации на корисникот Друштво за комуникациски услуги ОНЕ.ВИП ДОО Скопје со адреса на ул. Филип Втори Македонски бр.3 ДЦ/Соравија - 8-ми кат во Скопје, по барање на корисникот.

**II**

Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

**III**

Ова решение е конечно.

## Образложение

Агенцијата за електронски комуникации има издадено одобренија за користење на радиофреквенции во фиксна служба со евидентни броеви: 109443, 109371, 108414, 107651 и 109812 на корисникот Друштво за комуникациски услуги ОНЕ.ВИП ДОО Скопје со адреса на ул. Филип Втори Македонски бр.3 ДЦ/Соравија - 8-ми кат во во Скопје.

Корисникот Друштво за комуникациски услуги ОНЕ.ВИП ДОО Скопје до Агенцијата за електронски комуникации достави барање број уп1-бр.0802-559 од 30.04.2018 година за отповикување на одобренијата за користење на радиофреквенции во фиксна служба со евидентни броеви: 109443, 109371, 108414, 107651 и 109812.

Врз основа на горенаведеното, согласно член 24 став 1), алинеја 5, а во врска со член 147 став 1) од Законот за електронските комуникации (Службен весник на РМ бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18 и 21/18), се донесе решение како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение може да се поднесе тужба до Управен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.**

Изготвено во Агенција за електронски комуникации
Наш број: уп1-бр.0802-559
Скопје, 04-05-2018

**По овластување од Директорот,**

**Игор Бојаџиев**

**Доставено до:**
- странка
- архива
- Сектор за радиокомуникации
- Сектор за контрола и мониторинг на радиофреквенциите
- Сектор за финансии и сметководство

АЕК-751-301.12/Изм.02

Дигитално потпишан
од Igor Bojadjiev
Agencija za elektronski komunikacii